**Повик за учесници: Обука за обучувачи и спроведување на работилници за снимање на партиципативни видеа**

*Дали сте заинтересирани да ги проширите вашите знаења за снимање на филмови со помош на паметни телефони и да научите како да ги интегрирате методите на снимање на партиципативни видеа во вашите идни активности?*

*Доколку одговорот е да, придружете ни се на работилницата во Србија за да ги подобрите вашите вештини во снимање на партиципативни видеа и придонесете за подобрување на социо-културното учество на луѓето во движење и локалното население во Западен Балкан!*

**За проектот:** Регионалниот проект „Социјално учество на луѓето во движење и локалното население во регионите домаќини на Западен Балкан", кој е финансиран од германското федерално министерство за економска соработка и развој (BMZ) и имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) има за цел да го подобри социо-културното учество преку зајакнување на индивидуалните вештини на луѓето во движење и локалното население и во исто време да ја подобри и зајакне социјалната интеракција меѓу нив.

**За работилницата:** Како дел од проектот, организираме петдневна обука за обучувачи за партиципативно снимање на видеа за да ја искористиме моќта на визуелното раскажување и да им дадеме глас на луѓето во движење и локалното население. Преку практични вежби и теоретска обука, учесниците ќе се стекнат со драгоцено знаење за основните техники на снимање филмови, вештини за монтажа и интервјуирање, како и методи на продукција на партиципативни видеа и сите потребни дидактички алатки за спроведување на сопствената филмска работилница. Во текот на оваа работилница, ќе произведете краток филм од сценарио до монтажа. Освен тоа, вашиот филм може да стане дел од поголема колекција што ќе биде прикажана на јавни настани кои го слават дијалогот и различноста. По завршувањето на работилницата сите учесници ќе добијат и сертификат за успешно завршена обука.

**За партиципативната видео работилница:** По завршувањето на работилницата за тренери, дел од учесниците ќе бидат поканети да земат учество на втората работилница за партиципативни видеа каде што ќе имаат можност да ги применат своите новостекнати вештини и да продуцираат кратки филмови заедно со луѓе во движење и членови на локалната заедница. На последниот ден од работилницата, ќе се организира настан за прикажување на филмовите. Овој настан ќе обедини различни засегнати страни, обезбедувајќи платформа за дијалог и промовирање на социјалната кохезија.

**Двете работилници** ќе бидат оддржани од Керстин Рикерман – Ко-директор на Glocal Films и Фотеини Фотеинаки – Едукатор за уметност и медиуми. Работилниците ќе се одвиваат на англиски јазик.

**Детали за тренингот:**

- **Учесници:** Отворено за учесници од Србија и Северна Македонија
- **Дати и место на одржување на работилниците:**

- Работилницата за обучувачи ќе се одржи во **Белград, Србија** од **07-ми до 11-ти октомври 2023 година**.

- Работилницата за партиципативни видеа ќе се одржи во **Белград, Србија од 14 до 15 октомври 2023 година**.

**Трошоци:** За избраните учесници кои доаѓаат надвор од Белград ќе бидат покриени сите трошоци за патувањето и за сместувањето.

**Кој може да аплицира?** Ги покануваме организациите и институциите да номинираат поединци кои се заинтересирани за позитивно влијание преку снимање на партиципативни видеа. Дополнително, упатуваме посебен повик до младите поединци кои моментално работат или студираат во полето на кинематографијата, новинарството, општествените студии, етнографијата, антропологијата или други сродни дисциплини.

**Како да аплицирате:** За да аплицирате, ве молиме поднесете ја вашата номинација или лична апликација (со испраќање на вашето CV), наведувајќи го вашиот интерес за снимање на партиципативни видеа и наведете го вашето ниво на познавање на англискиот јазик за да можеме да организираме превод доколку е тоа потребно. Ве молиме испратете ги вашите апликации на електронската пошта на: **ema.kuzmanovska1@giz.de**.

**Краен рок за аплицирање:** Краен рок за пријавување е **20.09.2023 година**. Сите апликанти ќе бидат информирани за статусот на нивната апликација брзо по завршувањето на повикот.

За дополнителни информации, ве молиме да го контактирате **deniz.sulejman@giz.de**.